# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ РАЗВОЈОТ НА АРХИТЕКТУРАТА И УРБАНИЗМОТ И АРХИТЕКТУРНОТО НАСЛЕДСТВО, АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ И ДИЗАЈН НА ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.2202-214/4 од 9 јули 2014 година донесена на 10. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки, одржана на 7 јули 2014 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за област *развојот на архитектурата и урбанизмот и архитектурното наследство, архитектонско проектирање и дизајн* на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „Нова Македонија” на 25 јуни 2014 година и во предвидениот рок се пријави д-р Петар Намичев (доцент).

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Петар Намичев** е роден на 9 јули 1959 година во Скопје. Основно и средно образование завршува во Скопје. Во 1983 година дипломира на Архитектонскиот факултет во Скопје. Постдипломски студии завршува на Универзитетот во Белград во 1997 година на Архитектонскиот факултет, на тема „*Споредбена типологија на функционалните и обликовните елементи и естетско ликовните својства на народната архитектура во Реканското подрачје во Македонија во 19 и почетокот на 20 век“*. Докторира на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, на Институтот за етнологија и антропологија во 2005 година на тема „*Типологија и етнологија на македонската селска куќа во 19 и почетокот на 20 век“*.

Кандидатот има 28-годишно работно искуство, во следниве институции: 1983-1985 год. во Републички завод за заштита на спомениците на културата, Центар за документација; 1985-2009 год. во Музеј на Македонија, кустос-советник на Збирка народна архитектура и резба; 2009-2012 год. на Европски универзитет, Факултет за арт и дизајн, доцент на предмети од областа дизајн на ентериер; 2012-2014 год. на Факултетот за природни и технички науки, на Институтот за архитектура и дизајн, доцент во област архитектура, урбанизам и планирање.

***Законски услови што треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор***

1. Во наставно звање доцент на група предмети од научната област дизајн на ентериер е избран на 31.8.2009 година, на Факултетот за арт и дизајн, во состав на Европскиот универзитет - Република Македонија (Одлука бр. 0306/1235-1 од 1.9.2009 година); наставно звање доцент на наставно-научна област архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, на 19.12.2012 година (Одлука бр. 2202-356/4, од 18.2.2012 година).
2. Објавени најмалку пет научноистражувачки труда во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации;

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Namicev Petar | Design process between theory and practice | Annual review, EURM,I | 2009 |
| 2. | Namicev Petar | The design as concept, form, theory, science, technology and environmental process | Annual review, EURM,III, 3 | 2011 |
| 3. | Namicev Petar | The ohrid wood carver – Dimitri Jankov | Patrimonium, periodical for Culture heritage, Monuments, restoration, Museums, 6 (11). | 2013 |
| 4. | Namicev Petar | Impact of economic crisis on moder design | Annual review, EURM,IV,4 | 2012 |
| 5. | Namicev P, Namiceva E. | Protection of the traditional architecture from19th and the beginning of the 20th century | (JPMNT), Vol. 2, No.2 | 2014 |
| 6. | Mijalkovic J., Namicev P. | Contemporary urbanization and its impact on the modern concept of city | Annual review, EURM,V,5 | 2014 |
| 7. | Namicev Petar | Influence of contemporary urbanization on the concept of habitat | Annual review, EURM,V,5 | 2014 |
| 8. | Namicev Petar | Vernacular architecture and cultural heritage tourism perspective in Macedonia | Insitute for social and cultural anthropology, I | 2013 |

3. Или три научни труда во научно списание со импакт фактор во последните пет години:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Импакт фактор |
|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | |
| 2. | | | | |
| 3. | | | | |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Во високообразовната дејност Намичев е вклучен од септември 2009 година, со изведување настава на прв и втор циклус студии, на Европски универзитет – Република Македонија, како доцен, за група предмети по проектирање, архитектура и дизајн. Наставно звање доцент на група предмети од научната област дизајн на ентериер е избран на 31 август 2009 година на Факултетот за арт и дизајн, во состав на Европскиот универзитет - Република Македонија (Одлука бр. 0306/1235-1 од 1.9.2009 година).

Во рамки на наставните активности на Факултетот за арт и дизајн, д-р Намичев реализира настава и одржување на вежби со студенти на прв и втор циклус студии на група предмети поврзани со проектирање на просторот и дизајн на ентериер. Во текот на тригодишната наставно-образовна активност, д-р Намичев реализира настава на прв и втор циклус студии, според соодветните наставни програми, и тоа по следниве предмети: Индустриски дизајн 1 и 2 (во трета година студии), Илуминација на ентериер (трета година студии), Ергономија (трета година студии), Дизајн на ентериер на административен простор, Дизајн на ентериер на изложбен простор (четврта година студии), Дизајн на ентериер на резиденцијален ентериер, Декорација на ентериер Архитектонски интервенции во ентериер, Дизајн на мебел 3, Методологија на пишување на научен труд (петта година студии).

Наставно звање доцент на наставно-научната област архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, на 19.12.2012 година (Одлука бр. 2202-356/4, од 18.2.2012 година).

Во рамките на наставните активности на Факултетот за природни и технички науки, д-р Намичев реализира настава и одржување на вежби за студентите на прв и втор циклус студии на група предмети поврзани со дизајнирање на мебел и ентериер, историја на архитектура и планирање. Во рамките на двегодишната настава д-р Намичев реализира настава на прв и втор циклус студии, според соодветните наставни програми, на следниве предмети: Проектна и техничка документација, Градежни материјали 1, Вовед во градежништво (прва година студии), Историја на архитектура 1 и 2, Елементи на дрвни конструкции (втора година на студии), Просторно планирање, Био-дизајн, Конструирање на мебел и ентериер (трета години на студии), Конструктивни врски во ентериер (четврта година студии), Конструктивна технолошка подготовка, Методи за испитување на мебел (петта година студии).

Во досегашната наставна активност бил ментор на три одбранети магистерски труда (Ивана Шукалова – „Современа адаптација и дизајн на ентериер на безистените од османлискиот период  во Република Македонија“, 08-06/119 од 15.5.2012 г.; Бисера Стојчевска – „Современа адаптација и дизајн на ентериер на историските објекти - градски куќи и палати од старо Скопје“, 08-06/205 од 14.6.2013 г. и Јовица Мијалковиќ – „Современ концепт на дизајн на ентериер на станбен простор“, 08-06/565 од 12.12.2012 г.). Бил претседател на комисии за одбрана на три магистерски труда (08-06/600 од 27.2.2012 г.; 08-06/126 од 31.5.2012 г.; 08-06/114 од 9.4.2013 г.).

Бил ментор на 20 дипломски труда на студенти, со теми за проектирање на простор за различна намена, дизајнирање на индустриски дизајн и дизајнирање на мебел (се наведуваат само неколку: 08-06/327 од 13.7.2012 г.; 08-06/541 од 26.11.2012 г.; 08-06/540 од 22.11.2012 г.; 08-06/541 од 26.11.2012 г.; 08-06/64 од 15.3.2013 г.; 08-06/84 од 29.3.2013 г.), а како член учествувал во повеќе комисии за одбрана на дипломски трудови на Факултетот за арт и дизајн при ЕУРМ - Скопје и како член на одбрана на дипломски трудови на Факултетот за природни и технички науки, Штип.

Автор на практикум - Намичев П.: Историја на архитектура, уметност и урбанизам 1, 2014, - практикум ФПТН, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, стр.83.

Автор е на четири објавени универзитетски учебници – скрипти:

- Намичев П.: Индустриски дизајн 1, 2009, Европски универзитет - РМ, Скопје, стр.205;
- Намичев П.: Индустриски дизајн 2, 2010, Европски универзитет - РМ, Скопје, стр.202;
- Намичев П.: Илуминација во ентериер, 2010, Европски универзитет - РМ, Скопје, стр.212;
- Намичев П.: Историја на архитектура, уметност и урбанизам 1, 2014, ФПТН, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, стр.145.

Рецензент на скрипти (две) „Теорија на композиција на пејзажната архитектура“ од К. Деспот и В. Сандева и „Историја на пејзажна архитектура“ од К. Деспот и В. Сандева (акт. бр.2202-114/11, 2202-114/30 од 2.4.2014).

Рецензент е за избор на наставници  на Факултетот за арт и дизајн при ЕУРМ-Скопје.

***Научноистражувачка дејност***

Д-р Петар Намичев е автор на научни трудови:

1. Намичев П., Генеза и типологија на прозорскиот елемент како спој помеѓу просторот за живеење и ентериерот во Реканскиот крај, Етнолог бр.2, Скопје, 1992, стр.246-261;
2. Намичев П., Типологија и развој на профаното архитектонско творештво во с.Здуње, Порече, Музејски гласник, Музеј на Македонија, бр.1, 1992, стр.59-68;
3. Намичев П., Еркерот како традиционален изразен елемент во архитектура во Македонија, Етнолог бр.3, Скопје, 1993, стр. 32-52;
4. Намичев П., Селската куќа во областа Сува Гора, тетовско, Етнолог бр.4-5, Скопје, 1994, стр.64-85;

5. Намичев П., Композиција на фасадните површини на руралната архитектура во Македонија, Македонски фолклор, бр.54, 1999;
6. Намичев П., Ethnomuseology in Macedonia, Anales del museo nacional de antropologia, n.1, Madrid, Espana, 1994, str.179-184;
7. Намичев П., Народната архитектура во кратовско, Етнолог бр.6, Скопје 1995, стр.77-99;
8. Намичев П., Објекти за чување и складирање на храната во народната архитектура во Македонија, Етнолог бр.7, Скопје, 1996;
9. Намичев П., Профано архитектонско творештво во струшката област во 19 и почетокот на 20 век, Друштво за наука и уметност, Изворник 1-2, Струга, 1997, стр.195-212;
10. Намичев П., Профанот архитектонско творештво во Кумановската област од 19 и почетокот на 20 век, Музејски гласник, бр.2, 3, 4, Куманово, 1998, стр.159-202;
11. Намичев П., Народната архитектура на селските населби во Овче Поле,Македонско наследство, Македонска цивилизација, 1999, стр.54-75;
12. Намичев П., Миграциите на градителите од Реканското подрачје од 19 и почетокот на 20 век, Етнолог бр.9, Скопје, 2000, стр.128-138;
13. Намичев П., Колцето како составен дел од резбаните тавани од македонската традиционална куќа, Зборник бр.2, Етнологија, Музеј на Македонија, Скопје, 2002, стр.71-8;
14. Намичев П., Етнопарк Пијанец, реконструкција традиционалног становања, Зборник радова, Аутентичност и меморијална места, Музеј старо село, Кумровец, 2005;
15. Намичев П., Народното градителство во Радовишко, Зборник бр.3, Етнологија, Музеј на Македонија, Скопје, 2005;
16. Намичев П., Взаемни карактеристики на градската и селската куќа во Кратовско, Гласник бр.4, Музеј на Кратово, Кратово, 2008.

***Период 2009-2014 год.***

17. 17. Намичев П., Процесот на дизајнирање помеѓу теоријата и праксата, Годишник на трудови, ЕУРМ, год.2, бр.2, Скопје, 2009

*Темата на прилогот се обидува да ги образложи битните фактори кои ги поврзуваат теоретските согледување и нивната реализација во праксата. Во прилогот се опфатени сите значајни примери кои ја поддржуваат теоријата на меѓусебно делување на праксата и теоријата, за да се постигне одреден успех во однос на иновативноста и успешноста на производната методологија и пласманот на пазарот.*

18. Намичев П., Традиционалното градителство во Струмичко од 19 и почетокот на 20 век, Зборник Етнологија, 4 (4) 2011

*Во прилогот се презентирани одредени типолошки, конструктивни, просторни и естетски вредности на живеалиштата во селските населби. Притоа се презентирани, преку графичките прилози, типовите кои можат да се систематизираат како карактеристични за овој регион, како и другите локални особености на градбите, како дел од градителското наследство од оваа област.*

19. Намичев П., Дизајнот како концепт, форма, теорија, наука, технолошки и еколошки процес, Annual Review, 3 (3). pp. 947-957. ЕУРМ, Скопје, 2011

*Прилогот се задржува на одредени суштински аспекти на дизајнот, поставување на одредени рамки на вреднување на современиот дизајн од аспект на неговата форма, која влијае на дизајнерскиот концепт. Притоа дизајнот се третира како област која може да се истражува и унапредува од аспект на научните, технолошките и еколошките норми на негово вреднување.*

20. Кокалевски, М; Намичев. П. „Специфики на локално ниво во организација на просторот", Меѓународна научна конференција „Лицата на кризата", ЕУРМ, Скопје, 2012, стр.523 до 530.

*Во трудот се истакнува значењето на спецификите на локално ниво во организација на просторот во услови на глобални тенденции и се нагласува важноста за зачувување на спецификите на традицијата, со цел да се нагласат различностите*

*на традиционалните вредности. Посебен фокус на интерес е презентирање на спецификите при организирање на просторот во Република Македонија.*

21. Намичев П., Влијанието на економската криза брз модерниот дизајн, International scientific conference: Faces of the crisis. pp. 482-492, Скопје, 2012

   *Трудот се осврнува на состојбата на модерниот дизајн во услови на глобална економска криза, каде што се презентирани сите влијателни фактори кои ја одредуваат насоката на приоритетни методи за приспособување на дизајнот кон современите услови. Посочени се одредени насоки кон кои е потребно да се приспособи модерниот дизајн за да биде успешен во однос на економичноста, функционалноста, изборот на материјали и други витални фактори.*

22. Намичев П., Намичева Е., Селската куќа во кривопаланечко и нејзината перспектива, Славишки зборник, pp. 201-214., 2013

   *Во прилогот се опфатени сите типови на карактеристични градби од селските населби на територијата на кривопаланечко, каде што се издвоени одредени просторни, конструктивни и естетско-архитектонски вредности. Притоа се потенцирани квалитетните особености на традиционалната градба, која може да биде дел од туристичко-културната понуда на регионот, со посочување на методите за зачувување на овој дел од градителското наследство на регионот.*

23. Намичев П., Влијанието на глобалните трансформации врз модерниот дизајн, Промените во глобалното општество, Трета меѓународна научна конференција. pp. 263-272, Скопје, 2013

   *Прилогот ја презентира современата состојба на модерниот дизајн, каде што во одредени области на индустрискиот дизајн и архитектонското дизајнирање се под влијание на одредени сегменти од економијата, технолошкиот развој, современите материјали и слично, кои се создадени како фактори од глобалните трансформации на светско глобално ниво.*

24. Кокалевски М. Намичев П., Аспекти на зачувување на локален архитектонски идентитет во услови на глобализација, Промените на глобалното општество, Меѓународна научна конференција. p. 911, ЕУРМ, Скопје, 2013

   *Во прилогот се поставуваат одредени теоретски прашања за вредностите на локалниот архитектонски аспект, во услови на современите влијанија од глобалните архитектонски пристапи. Притоа се дава акцент врз вредностите на традиционалните градби, од конструктивен и архитектонско - естетски аспект, со вредности кои треба да се користат во одржувањето на идентитетот на градителската средина.*

25. Despot, Katerina and Sandeva, Vaska and Namicev, Petar, Use of kitchen colors (the example of a kitchen laboratory) XXII International scientific conference for young scientists.2013

   *Темата на прилогот се однесува на примената на бојата како елемент на визуелни сензации, како резултат на различна перцепција на светлината од различни делови од спектарот на окуларна органи, утврдени од страна на спектрална осетливост на фоторецептори. Притоа чувството на боја кај луѓето според Јанг теоријата на Хелмхолц се должи на чувствителноста на спектарот на различни видови рецепторни клетки (шишарки) во мрежницата, бојата може да се дефинира и мери според одговорот на овие клетки. За практични цели, сепак, се потребни квантитативни критериуми за психофизичката перцепција на бојата, што дозволува нејзина прецизна дефиниција и репродукција.*

26. Namicev, Petar and Despot, Katerina and Sandeva, Vaska , Chardak – universal functional space in a traditional house from the 19th and the beginning of 20th century in Republic of Macedonia, XXII International scientific conference for young scientists, 2013

   *Чардакот претставува највидлив просторен и функционален елемент, кој е доминантен и со поливалентно значење, простор каде што се анализираат неговите влијанија во сите сегменти од традиционалниот начин на живеење и изградба на куќите. Основните просторни, функционални и контекстуални значења на чардакот се поврзани со објектите во урбаните средини, но истите карактеристики може да се дел од живеалишта од руралните области кај определени објекти, односно се користени од семејства кои имале повисок економски статус во општеството. Темата на анализата*

*дадена во прилогот е во врска со неговата просторна структура, конструктивното формирање, неговата суштинска концепција, декоративна хармонија, комуникациската мултифункционалност, ставот и односот кон околината и други поливалентни карактеристики.*

27. Sandeva, Vaska and Despot, Katerina and Namicev, Petar and Ignatov, Aleksandar, Being the sorresponding accents of red in one interior and one exterior as, XXII International scientific conference for young scientists, 2013

*Основата на темата се однесува на акцентот на соодносот на внатрешноста и она што е поврзано со акцентирање на надворешноста. Притоа се стреми кон целта да се привлече внимание за да се појасни одговорот на неговата локација, односно да се потенцира посебниот ефект на составот, според начинот на кој е поставен. Акцентот се однесува на бојата која е избрана за анализа. Од постојната палета на бои, акцентот на боја е даден на црвената како примарна боја, за разлика од зелената или друга боја која претставува 60% од екстериерот каде што доминира. Способноста на човечкото око е да се фокусира и да ги преземе ефектите од бојата, што е во директна зависност од психологијата на човекот и неговата визија, како и влијанието од специфичниот агол на површината на перцепција.*

28. Namicev P. and Sandeva V.and Despot K., Application of symmetry in the traditional architecture of the 19th and the early 20th century in Macedonia, XXII International scientific conference Management and Quality. 2013

*Темата се однесува на примена на симетрично поставување на структурни елементи, на просторна структура, при отворен распоред, во однос на фасада форма и севкупниот концепт е често карактеристика на куќата од 19 и почетокот на 20 век. Апликации на идеален сет на симетрични елементи се смета за квалитетен придонес за архитектонско-конструктивно решение. Симетрија е присутна во внатрешната опрема со вграден мебел, во формата на оградите и скалите, при декорација на внатрешни врати, украсите на огништата, при употреба на фасадни елементи, положбата на еркерите и други декоративни елементи и балкон др. Симетријата е присутна и на надворешната фасада, со групирање на положбата на прозорците или чардакот. Употреба на антропоморфни мерки на човекот се од суштинско значење, како почетна точка за димензионирање предмети на традиционалната архитектура. Најистакнатите и јасно видливи елементи доминираат на симетрија на главната фасада на објектите од традиционалната архитектура. Усогласување кое се постигнува со симетрично решение, првенствено за да се задоволат физичките и техничките потреби, дизајнерскиот и уметнички концепт.*

29. Despot K. and Sandeva V. and Namicev P., Decorative design in contemporary interior inspired by the carpets of the 19th century in Ohrid: XXII International scientific conference Management and Quality.2013

*Темата се однесува на килимите во 19 век во Охрид, како составен дел од традиционалниот ентериер, нејзините украси кои се инспирација за развој и декорација во модерните ентериери. Притоа се анализира модерниот пристап кон традицијата и нејзиното спроведување во ентериерот, со примена на сите видови на украси, компонирање, анализа и имплементација. Украсите кои имаат одреден ритам често се гледаат како елементи кои не се од суштинско значење и не влијаат на формата на објектот, како дополнителен елемент присутен во финализацијата на објектот. Притоа е потребно единство на разнородните елементи кои формираат дизајнерска концепција и единство. Визуелни слики на традицијата и современото во ентериерот ја создаваат сегашноста и актуелноста.*

30. Despot K. and Sandeva V. and Namicev P.:, Radiator as a sculptural form in the bathroom (Inspiration for creating and developing the heating element in the bathroom is a form of plant origin –Dandelion: XXII International Scientific Conference Management and Quality.2013

*Темата на прилогот се топлинските тела со основна функција за пренос на топлина, од еден медиум во друг, со примарна функција за греење или ладење. Одреден дел на радијатори имаат намена да се користат во автомобилите, објектите или како*

*електрични апарати. Радијаторите се секогаш извор на топлина во околината. И покрај тоа, најголемиот дел се пренесува со конвенционално, а не со топлинско зрачење. Се очекува радијаторот како термин да се однесува на уреди со кои преносот на топлина се реализира преку топлинско зрачење, од каде произлегува и името. Во практиката поимот радијатор означува уред преку кој течност циркулира низ цевките. Терминот се однесува на категорија на уреди, каде што изворот на топлина не е директно изложен. Преку радијаторите топлината го загрева воздухот на два начина - со зрачење или конвекција. Зрачење одделува дел од топлината на радијаторите, додека висок процент на топлина се дистрибуира со конвекција. Протокот на воздухот може слободно да циркулира низ, под и околу секој радијатор. Кога телото е ставено во просторот на домувањето, пожелна отворена вентилација на горниот и долниот дел од телото.*

31. Sandeva V. and Despot K. and Namicev P.: Space - interior and exterior : XXII International Scientific Conference Management and Quality, 2013

*Темата на прилогот се однесува на категориите на простор, кој може да се затвори, да биде полузатворен или отворен. Одредени форми од вселената окупираат дел од неа и меѓусебно кореспондираат, но кога областа е затворена тие се во исто време ограничени. Отворениот простор обезбедува можности за обликување на креативноста, која треба да биде на високо ниво и да се исполни со различна содржина, од отворената кон затворените форми кои се функционални.*

32. Намичев П., Намичева Е., Основните карактеристики на урбаниот концепт на Ново Село - Штипско во 19 и почетокот на 20 век, Зборник на ФПТН, на УГД, Штип, 2013

*Прилогот дава акцент на урбаниот концепт на населбата Ново Село, која всушност е поврзана во една просторно функционална целина со урбаниот дел на градот Штип. Притоа потенцирани се сите елементи од просторно функционален аспект на населбата, со архитектонско-естетските вредности на градбите, со што се потврдува урбаната концепција на населбата.*

33. Намичев П., Намичева Е., Урбаниот концепт на градот од 19 и почетокот на 20 век во Македонија, Зборник на ФПТН, на УГД, Штип, 2013

*Во прилогот главниот акцент на истражувањето се однесува во рамките на општите согледувања на урбаниот концепт на градот, во периодот на 19 и почетокот на 20 век во Македонија. Притоа се опфатени сите главни карактеристики на урбаниот развој, неговата просторна и функционална организација, ниво на развој, содржини и аспекти на влијанија во однос на понатамошниот негов развој.*

34. Namicev P., Transformation of cultural memory through the traditional architecture in Macedonia, First Annual CCCS Conference -Cultural memory (5-7 September 2013), Centre forCulture and Cultural studies, Skopje, Macedonia

*Со оглед на главната тема на конференцијата - културната меморија, прилогот се задржува на презентацијата, истражувањата и влијанијата кои доведуваат до трансформација на културната меморија, во рамките на развојот и состојбите кои се однесуваат во доменот на традиционалната архитектура во Македонија.*

35. Namicev P., Vernacular architecture and cultural heritage tourism perspective in Macedonia, 1st International Conference on Cultural heritage, Media and Tourism, (18-19.1.2013) ICCMT, Ohrid, Macedonia, 2013.

*Во прилогот се презентирани вредностите на традиционалната архитектура во Република Македонија, хронологија на развојните фази на досегашните состојби во оваа област, состојбата и факторите кои влијаат врз развојот на културниот туризам, како и посочување на насоки за понатамошен развој на културниот туризам во Македонија.*

36. Namicev P, Namiceva E., Protection of the traditional architecture from19th and the beginning of the 20th century, (JPMNT) Journal of Process Management – New Technologies, International, Vol. 2, No.2, 2014.

*Во прилогот е опфатена анализа на објектите од традиционалната архитектура во Македонија, преку примена на конзерваторските методи на превентивна заштита, рехабилитација, реставрација и реконструкција. Притоа е опфатен преглед на проблемите на старите историски јадра во градовите и селата, преку лошите услови*

*за живот, инфраструктура, социјалната и економската деградација, сообраќајни проблеми и сл.*

37. Мијалковиќ Ј., Намичев П., Contemporary urbanization and its impact on the modern concept of city, Меѓународна научна конференција, ЕУРМ, Скопје, 2014

    *Во прилогот се презентирани историските факти околу развојот на современиот концепт на градот, формата на мегалополис, како дел од урбанистичките модерни движења. Притоа се обработени основните елементи на современиот урбан концепт, кои можат да се категоризираат според просторот, потребите на човекот, инфраструктурните потреби, еколошката средина и сл.*

38. Намичев П.,Influence of contemporary urbanization on the concept of habitat, Меѓународна научна конференција, ЕУРМ, Скопје, 2014

    *Темата обработува проблематика од областа на современиот урбанизам, каде што се содржани истражувања, научни согледувања, искуствени методи, преку следење на современата технологија, преку сите форми на трансформација на човековото живеење. Притоа се опфатени одредени историски урбани форми на либерален град, град-градина, урбани форми на модернизмот и постмодернизмот, пејзажниот урбанизам, одржливиот развој и сл.*

***Објавени трудови во странски списанија:***

1. Namicev P., Ethnomuseology in Macedonia, Anales del nacional de Antropologia, 1, 1994, Madrid, Spain;
2. Namicev P.,Rural architecture in Macedonia, Народното искуство на Балканския полуостров - традиция настояше, Орашак, Троян, България, 1995;
3. Namicev P.,A Few Proposals for a European preventive conservation strategy, European Commission, European Preventive Conservation Strategy project, 2001, Project and Scientific Conference - European Preventive Conservation Strategy, September 21-22,2000, Vantaa, Finland;
4. Namicev P.,Solutions of Exchanges of Exhibitions in European Prtnership,Challenges for Ethnographical and Social History Museums looking to the new millennium, 3th General conferenceof NET,Slovenski Ethnographiuc museum, Ljubljana, 2000;
5. Namicev, P., Vernacular architecture and cultural heritage tourism perspective inMacedonia: Proceedings of 1st International Conference on Cultural Heritage, Media and Tourism. Ohrid, Macedonia, 18-19 Jan 2013. Институт за социокултурна антропологија на Македонија и Македонците, pp. 117-124, 2013;
6. Namicev, P. , The ohrid wood carver – Dimitri Jankov, Patrimonium, periodical for Culture heritage, Monuments, restoration, Museums, 6 (11). pp. 300-308,2013.

***Самостојни монографски изданија:***

1. Namicev P.,Landliche architectur in Mazedonien, Heft 6, Kittseer schriften zur volkskunde, Veroffentlichungen des ethnographischen museums schloss kittsee, Kittsee, 1996;
2. Намичев П., Малешево, народната архитектура од 19 и почетокот на 20 век, Народно неимарство I, Музеј на Македонија, Скопје, 1998;
3. Намичев П. Резбата во македонската куќа , Музеј на Македонија, Скопје, 1998;
4. Намичев П., Народната архитектура во Реканското подрачје од 19 и почетокот на 20 век, Музеј на Македонија, Скопје, 2000;
5. Намичев П., Пијанец, руралната архитектура од 19 и почетокот на 20 век, Народно неимарство II, Музеј на Македонија, Скопје, 2002;
6. Намичев П.,Говрлево нема да умре, Институт за градителско наследство на Медитеранот, Копар, Словенија, 2004;
7. Намичев П.,Руралната архитектура во Југозападна Македонија од 19 и почетокот на 20 век, Народно неимарство III, Музеј на Македонија, Скопје, 2005;
8. Намичев П.,Развој на селската куќа во Македонија од 19 и почетокот на 20 век, Народно неимарство IV, Музеј на Македонија, Скопје, 2007.

***Период 2009-2014 година***

9. Намичев П., Селската куќа во Македонија, Народно неимарство V, УЗКН, Скопје, 2009

*Монографијата го презентира материјалот за детално истражување на селската куќа во Македонија од 19 век, каде што се опфатени деловите за анализи на формата и содржината на стопанскиот двор, типологијата на селски куќи, стопански објекти, детално ентериерно типолошко анализирање на елементите од ентериерот, анализа на надворешните фасадни декоративни и конструктивни елементи и сл. Темата опфаќа комплетна анализа на сите фактори кои влијаат врз формата и антропологијата, односно верувањата при користење на просторот на селската куќа.*

10. Намичев П., Велешка куќа, Народно неимарство VI, Музеј на Македонија, Скопје, 2010

*Изданието е посветено на анализа на формата на велешката куќа, нејзините просторни карактеристики, урбаната концепција на градот и надворешното обликување со декоративното украсување на куќите. Притоа се опфатени одредени карактеристики на ентериерното обликување, со интензивна декорација на покуќнинските елементи. Преку темата се заштитува овој дел од градителското наследство кој постепено исчезнува и затоа е значајна оваа публикација да претставува одреден тип на документација за куќата од 19 век во Велес.*

11. Namicev, P., Namiceva, E., Traditional city house in northeastern Macedonia, Народно неимарство VII, 2 Август, Штип, Skopje. Macedonia, 2014.

*Публикацијата опфаќа значаен дел од народната градска архитектура на територијата на Македонија, која има достигнато значајно ниво на својот развој. Опфатена е анализа на градската куќа во североисточниот дел на Македонија, при што се опфатени градовите Кратово, Крива Паланка, Скопје, Штип, Куманово и Велес. Презентирани се примероци на куќи кои се истакнуваат со високи просторни и естетско-конструктивни особености, каде што се презентирани највредните примероци од оваа област.*

12. Namicev, P., Namiceva, E., The form of the house in rural settlements in Macedonia, Народно неимарство VIII, 2 Август, Штип, Skopje. Macedonia, 2014.

*Во публикацијата се опфатени најзначајните типолошки примероци на селски куќи од руралните населби на подрачјето на Македонија. Опфатени се сите типови на карактеристични објекти кои во долгиот еволутивен процес се издиференцирале во неколку најчесто применувани, според конструктивниот систем, применетите материјали, според локацијата, според етничката припадност на населението, просторните карактеристики и сл. Оваа публикација ги презентира најзначајните карактеристики на објекти од руралните населби, кои имаат автохтона форма и се значајни за зачувување на културното наследство на територијата на Македонија.*

13. Традиционалната архитектура во Струмица и Струмичко од 19 и почетокот на 20 век, Народно неимарство IX, 2 Август, ЗЗСКМ Струмица, 2014

*Монографијата го опфаќа материјалот на архитектонското народно творештво од 19 век на територијата на Струмица и Струмичко. Опфатени се сите најзначајни карактеристики на градската куќа, каде што се презентирани нејзините архитектонско-конструктивни елементи, основните просторни карактеристики, надворешната декоративна обработка, ентериерното обликување со вградена покуќнина и сл. Преку овој материјал се потенцираат сите најзначајни вредности на објектите, кои треба да бидат заштитени, а материјалот претставува значајна документација за нивното постоење.*

***Самостојни авторски изложби:***

1. Руралната архитектура во Македонија (отворена во Музеј на Македонија, Скопје, 1993; Музеј на независноста, Варшава, Полска, 1993, Музеј и Завод, Битола, 1993, Дом на културата, Прилеп, 1994, Народен музеј, Кичево, 1994, Универзитет на архитектурата, Белисток, Полска, 1994, Музеј на отворено, Чехановјец, Полска, 1994, Етнографски музеј, Китце, Виена, Австрија, 1996, Словенски етнографски

музеј, Љубљана, Словенија, 1997, Музеј во Конељано, Венеција, Италија, 1998, Етнографски музеј, Загреб, Хрватска, 2004, Средновековен музеј, Линц, Австрија, 2008).

2. Vernacular architecture of the world, 20 May- 6 June 1996, UNESCO, Paris, Vernacular architecture at UNESCO Headquarters, CITAT (International cooperation for the preservation and promotion of traditional architectural heritage).
3. Изложба на група уметници документатори, Музеј на Македонија, Скопје, 1998.
4. Етнологија на Македонија, Европски етнографски музеи, Љубљана, Словенија, 2004.
5. Резбата во македонската куќа (Музеј на Македонија, Скопје, 1998, Палата Барберини, Рим, Италија, 2001).
6. Македонска градска архитектура (Музеј на Македонија, 2004, Народен музеј Свети Николе, 2004).
7. Развојот на селската куќа во Македонија од 19 и почетокот на 20 век, Музеј на Македонија, Скопје, 2007.
8. Традиционалната архитектура во Кратово, Музеј на Кратово, 2008.

**Период 2009 – 2014 година**

9. Фолклорната архитектура во Кратовско, Музеј на Кратово, 2009

*Изложбата содржи цртежи кои се изработени во туш на хартија, каде што се презентирани значајни примероци на станбени објекти од селските населби во кратовската област. Изложбата презентира дел од културното наследство, кое има одредени вредности и за првпат опфаќа одредени примероци и модели на градби кои се карактеристични за овој регион.*

10. Велешката куќа од 19 и почетокот на 20 век (Музеј на Македонија, Скопје, 2010, Уметничка галерија, Велес, 2010)

*Изложбата претставува завршна фаза од истражувачкиот научен проект, како изложба на цртежи изработени во туш на хартија. Презентирана е традиционалната станбена архитектура, која има автохтона и градителска вредност, каде што се опфатени најзначајните и препознатливи градби и мотиви од централното градско јадро на Велес.*

11. Традиционалната архитектура во Струмица и Струмичко од 19 и почетокот на 20 век (ЗЗСКМ Струмица, 2014)

*Изложбата претставува презентација на теренски истражувања на традиционалните станбени градби во Струмица и територијата на селските населби и градби кои ги опфаќа. Изложбата содржи цртежи изработени во туш на хартија кои презентираат еден значаен дел од градителското наследство на градот, како и стопанските градби кои ја задржале својата форма и структура.*

1. Меѓународен научен проект (полско-македонски) - Жртвата во обредноста кај Македонците од 1996 до 2000.
2. Меѓународен проект Етнобогатството на руралната населба Говрлево, словенско-македонска соработка, Универзитет од Копар за регионот на Медитеранот, 2002-2003.
3. Меѓународен проект со Институт за технологија KIT од Кјото, Јапонија (Kyoto Institute of technology – Japan), 2009-2011.
4. Меѓународен проект за заштита на природното-културно наследство -Европски зелен појас во Линц, Австрија, 2009-2010, со Институтот за природни реткости од Универзитетот во Виена, Австрија.

*Учество со цртежи во форма на изложба и како дел од проектот кој се однесува на значаен дел од територијата на Европа. Презентацијата на дел од градителското наследство на Македонија, како дел од културното богатство на Европа.*

5. Меѓународен проект за Развој на едукација на возрасни во Македонија, за реновирање на традиционалните живеалишта во Република Македонија, 2012-2013 г., под раководство на тим од стручни лица од Европската унија, учество како советник, тренер на предавачите на курсот и член на Комисија за оценување на кандидатите на курсот. Притоа се постигнати одредени едукативни резултати за возрасни лица кои се

невработени, а на кои им е овозможено со изучување на сегменти од градителскиот занает да ја создадат својата егзистенција и насока во образованието.

*Учество на меѓународни конференции:*

1. 1.Europen Network of Ethnographical museums international corespondents meeting, Bruxelles, Arnhem, Belgum, 1993: Presentation of the State of ethnomuseology in Macedonia;
2. NET- Europian network of Ethnographical and sociohistorical museums, International Conference 20-25 september, 1994, Bratislava, Slovakia;
3. ICOM- SIDOC-Ethno Working Group -International documantation commitee, International council of museums, International conference 5-1 May 1995, Bled, Slovenia
4. The Second European Conference of the Ethnogrephic museums, NET; Conference May 17-19, 1996, Bucarest, Romania, Pride in our heritage, East- West exhibition exchanges in the experience of the Macedonian museology- Contributions to the basic criteria of European partnership;
5. International Annual NET Meeting, Bled and Ljubljana, 10-14 September, 1997;
6. CIDOC Annual meeting 1997, Nurnberg, 7-11 September, 1997;
7. NET _European Network of Ethnographical ans Social History Museum, Krakow, 16-19 May 1998;
8. Scientific Conference, Talin Estonia, 3 – 7 Jun 1998, Ethno working group-ICOM Presentation of the State of Ethnomuseology in Macedonia;
9. III General Conference of Ethnographic museums, ICOM, NET Net Working group for Ethnography, 14-17 February, 1999, Liege, Belgium;
10. CIDOC/mda, International Conference 1999, 6-10 September, Imperial College, London;
11. Project and Scientific Conference -European Preventive Conservation Strategy, September 21-22,2000, Vantaa, Finland, A Few Proposals for a european preventive conservation strategy, European Commission, European Preventive Conservation Strategy project, 2001;
12. The ICOMOS-CIAV (International Council on Monuments and Sites), Scientific Conference 2003, 21- 26 October, Amersfort. Netherland, The Future of Historic Farm Buildings in a Changing Society, Состојбата, документацијата и заштитата на руралните објекти во селските населби во Македонија;
13. III International Conference of Ethnographic Museums in Central and South-east Europe. 15-17 October, Martin, 2003, Slovak National Museum, Modern ethnological expositions at the beginning of the 21st Century;
14. CIAV (International Council on Monuments and Sites), Scientific Conference 2004, October 12-16, Exime Perfecture, Japan, Sustainable Cobservation Systems for the Varnacular Architecture and Tourism, Conservation systems of the Vernacular Architecture in Macedonia;
15. CIAV (International Council on Monuments and Sites), Scientific Conference 2006, November 6-10, Patzcuaro, Michoacan, Mexico, Pride of place, Authenticity and pride of vernacular settlements in Macedonia.

Кандидатот покажува задоволителни резултати во наставно-педагошката и научноистражувачката дејност.

*Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност*

Автор на научни документарни филмови:

1. Резбата во македонската куќа (автор на сценарио), МТВ, Скопје, 1995;
2. Македонска куќа (учество), МТВ, Скопје, 2003;
3. Македонска традиционална куќа (автор на сценарио), МТВ, Скопје, 2003;
4. Охридскиот резбар Димитри Јанков, Музеј на Македонија (автор на сценарио, камера и режија) Скопје, 2006.

*Награди:*

1. Серија на мотиви (10) од народната архитектура за поштенски марки (1996-2002);
2. Добитник на конкурсен труд за изработка на идејно решение за поштенски марки со мотиви од праисторијата - Фосили од Македонија, серија од четири марки, 2000;

- Учество во работата на повеќе работни групи за различни активности на ниво на Факултет за арт и дизајн при ЕУРМ.
- Шеф на Катедра за ентериер на Факултетот за арт и дизајн при ЕУРМ (2012) год.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната досегашна активност на кандидатот д-р Петар Намичев, во наставната дејност, научноистражувачката работа и стручно- апликативната дејност, може да се заклучи дека кандидатот поседува соодветни квалитети за наставна и научноистражувачка работа во областа на архитектурата, урбанизмот и планирањето.

Кандидатот д-р Петар Намичев ги исполнува сите законски критериуми за избор во наставно-научно звање, во согласност со Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип

Поради напред наведеното, чест ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно-научниот совет да го усвои нашиот предлог и кандидатот **д-р Петар Намичев да го избере во наставно-научно звање вонреден професор за наставно-научната област *развој на архитектурата и урбанизмот и архитектурното наследство, архитектонско проектирање и дизајн* на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Мирче Кокалевски, вонреден професор, претседател, с.р.**
**Д-р Иванка Кировска, редовен професор, член, с.р.**
**Д-р Атанас Филиповски, редовен професор, член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Ред. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **3** | Позитивно рецензирана скрипта од предавања, збирка задачи или практикум | 5 х 8 | | | | 40 |
| **8** | Рецензент на учебник, скрипта и сл. | 2 х 1 | | | | 2 |
| **12** | Ментор на одбранет магистерски труд | 3 х 3 | | | | 9 |
| **14** | Ментор на одбранета дипломска работа (максимум 7) | 7 х 1 | | | | 7 |
| **16** | Член на комисија за одбрана на магистерски и специјалистички труд | 1 | 3 | | | **3** |
| **17** | Член на комисија за одбрана на дипломска работа (максимум 7) | 7 | 0,2 | | | 1,4 |
| **25** | Предавања (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период на прв циклус студии) | 16 | 1 | | | 2 |
| **26** | Вежби (неделен  просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период на прв циклус студии) | 16 | 0,5 | | | 0,5 |
| **27** | Одржани предавања (или консултации) на втор циклус студии по одржан курс | 8 | 1 | | | 1 |
| **28** | Одржани вежби на втор циклус студии | 8 | 0,5 | | | 0,5 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **66,4** |
| **Ред. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | | | | | | |
| **1** | Монографија или научна книга | 3 | 10 | | | 30 |
| **5** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | 16 | 1 | | | 16 |
| **9** | Учество на научен собир со реферат | 4 | 1 | | | 4 |
| **13** | Учесник во научен проект | 2 | 2 | | | 4 |
| **24** | Самостојно ликовно претставување (ликовна изложба) | 3 | 6 | | | 18 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **72** |
| **Ред. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **28** | Член на факултетски орган, комисија | 1 | 2 | | | **2** |
| **6** | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир | 2 | 2 | | | **4** |
| **1** | Книга | 2 | 10 | | | **20** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **26** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **164,4** |